**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**







# УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

## ВО ПРВА ГОДИНА НА ДОДИПЛОМСКИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС ВО УЧЕБНАТА

## 2015/16

## ГОДИНА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ:

- ИНЖЕНЕРСТВО НА МЕБЕЛ И ДРВО
- ДИЗАЈН НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

# КОНТАКТ

Адреса:
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
Ул. 16-та Македонска бригада бр.3
п.фах 8
1130 Скопје

Тел.: 02/6154660
Факс: 02/6154590

E-mail: info@fdtme.ukim.edu.mk
http://www.fdtme.ukim.edu.mk

# ЗА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје е основан на 26 април 2010 година со посебен закон донесен во Собранието на Република Македонија. Факултетот е следбеник на четиридецениската традиција на студиите од областа на дрвната индустрија, механичката технологија на дрвото и проектирање на мебел и ентериер што до учебната 2009/10 година се организираа во рамките на студиските програми на Шумарскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Факултетот за дизајн и технологија на мебел и ентериер претставува единствена високообразовна и научно–истражувачка установа од областа на технологијата на дрво и дизајн на мебел и ентериер.

Според наставно-образовната и научно-истражувачката работа, Факултетот спаѓа во групата на **биотехнички факултети.**

Во образовниот процес на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер се организираат четиригодишни додипломски студии од прв циклус и постдипломски (магистерски) студии од втор циклус, а во фаза на воведување е третиот циклус на студии - докторски студии.

Со завршување на додипломските студии, студентот се стекнува звањето **Дипломиран инженер по дизајн и технологии на мебел и ентериер** со назнака на студиската програма, односно:

- **Инженерство на мебел и дрво**
- **Дизајн на мебел и ентериер**

Факултетот е сместен во источниот дел на Скопје, во населбата Автокоманда, на адресата Ул. 16-та Македонска бригада бр.3, п.фах 8, 1130 Скопје.

# ПОСТАПКА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДОДИПЛОМСКИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ПРВ ЦИКЛУС) ВО УЧЕБНАТА 2015/16 ГОДИНА

Согласно конкурсот за запишување на додипломски студии, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје можат да се запишат:

| Студиска програма | Редовни студенти | | Вонредни студенти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота (€200) | квота со кофинан. (€400) | (€400) | |
| **Инженерство на мебел и дрво** | 30 | 20 | 5 | 55 |
| **Дизајн на мебел и ентериер** | 60 | 25 | 5 | 90 |
| **Вкупно** | 90 | 45 | 10 | 145 |

**Услови и критериуми за запишување**

1. Право на запишување на додипломски студии од прв циклус имаат кандидатите кои положиле државна или меѓународна матура.

Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во првиот уписен рок не се пријават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од претходниот став, право на упис на прв циклус студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

Право на запишување на додипломски студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно училиште во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година) кои не полагале државна матура.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

3. На додипломските студии можат да се запишат и вонредни студенти, кои што партиципираат со €400. Како вонредни студенти можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите на конкурсот и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдана причина не се во можност да се запишат како редовни студенти. За оправдани причини се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар, родител на дете додека трае породилното отсуство.

4. Основен критериум за селекција на кандидатите е успехот од средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

Кандидатите можат да освојат најмногу 100 поени, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура учествува со 40%.

Бодирањето на општиот успехот по сите предмети се врши на следниот начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

За кандидатите кои полагале државна матура во учебната 2014/15 година и учебната 2013/14 година бодирањето се врши на следниов начин: кон оценката од секој екстерен

предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за содветниот предмет поделен со 20. По оваа основа можат да се добијат најмногу 30 поени за трите екстерни предмети. Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура се множи со коефициент 1,2. По оваа основа можат да се добијат најмногу 6 поени. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

За кандидатите кои полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура се врши на следниов начин: кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20. По оваа основа можат да се добијат најмногу 20 поени за двата екстерни предмета. Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени.

За кандидатите кои полагале училишна матура или завршен испит по завршено средно образование со четиригодишно траење, бодирањето на успехот постигнат при полагањето носи најмногу 20 поени и се врши на следниов начин: оценките од предметите кои се полагаат на училишната матура односно завршниот испит се множат со коефициент 1,6. Добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени.

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

**Селекција на кандидатите**

За реализација на Конкурсот за запишување, Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје формира конкурсна комисија.

Конкурсната комисија го врши рангирањето на кандидатите и ги објавува поените од средното образование на огласната табла на факултетот.

По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидати за запишување, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на поените и се упатува до управата на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер. Решението на управата по приговорот е конечно.

По истекот на рокот за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишувањето на студентите.

Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање на надоместок за кофинансирање на студиите во износ од €200, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. Надоместокот за студирање кандидатите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

Студентите во квотата со кофинансирање на студиите се запишуваат со плаќање на надоместок за кофинансирање на студиите во износ од €400, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ.

Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер не наплатува партиципација за: деца без родители, лица од прв степен на инвалидност, воени инвалиди, лица растени во домови за напуштени деца. Средствата за партиципација на овие лица се покриваат од Буџетот на РМ.

**Рокови за пријавување и запишување на кандидатите**

| | I рок | II рок | III рок |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 13 и 14.8.2015 | 3.9.2015 | 16.9.2015 |
| Објавување на резултати од успехот од средно образование | 18.8.2015 | 4.9.2015 | |
| Објавување решение за прием на кандидатите | 20.8.2015 | 9.9.2015 | |
| Запишување на кандидатите | 24 и 25.8.2015 | 11 и 12.9.2015 | 21.9.2015 |

Документи за пријавување

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на **www.upisi.ukim.mk** и да ја пополни електронската пријава. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување (образец А1)
2. електронска пријава (од iKnow-системот)
3. оригинални свидетелства од сите класови
4. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование)
5. извод од матичната книга на родените
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
7. Потврда за уплатени 300 денари на жиро сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје

Уплатата се врши на образец ПП 50 и треба да ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака:** Обработка на податоци за пријавување на конкурс
**Назив на примачот:** Буџет на РМ, ФДТМЕ-Скопје
**Банка на примачот:** НБРМ
**Сметка:** 100 0000000630 95
**Износ:** 300 ден.
**Сметка на буџетски корисник:** 1600161654 788 11
**Приходна шифра:** 723019 41

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти, покрај наведените, поднесуваат и договор за вработување на неопределено време, или лекарска потврда (издадена од Здравствената станица на Универзитетот).

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, се препорачува кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби.**

**Листа на екстерни предмети и интерен предмет од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје за кандидатите што полагале државна матура во учебната 2014/2015 и учебната 2013/2014 година**

1. За сите кандидати задолжителен екстерен испит е предметот: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература.
2. Прв изборен екстерен испит за кандидатите со гимназиско образование и со средно стручно образование е предметот: математика или странски јазик, а за кандидатите со средно уметничко образование е: странски јазик или естетика/филозофија.
3. Во прегледот се дадени вториот изборен екстерен предмет и интерниот предмет, кои кандидатите ги избираат при полагањето на државната матура, а кои се значајни за соодветната студиска програма.

| **Студиска програма** | **екстерен предмет** | **интерен предмет** |
|---|---|---|
| Инженерство на мебел и дрво | **без ограничување** | **без ограничување** |
| Дизајн на мебел и ентериер | | |

**Листа на екстерни предмети и интерни предмети од државната матура соодветни за пријавување за запишување на студиските програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје за кандидатите што полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година**

1. ЗА СИТЕ КАНДИДАТИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЕКСТЕРЕН ИСПИТ Е ПРЕДМЕТОТ МАЈЧИН ЈАЗИК.
2. Во прегледот се дадени другите предмети (екстерни и интерни) кои кандидатите ги избираат при полагањето на државната матура, а кои се значајни за соодветната студиска програма.

| **Студиска програма** | **екстерен предмет** | **интерен предмет** |
|---|---|---|
| Инженерство на мебел и дрво<br>Дизајн на мебел и ентериер | **за кандидатите од гимназија и од средно стручно образование:** математика (основно ниво), математика (напредно ниво) или странски јазик<br>**за кандидатите од средно уметничко образование:** странски јазик, естетика или филозофија | **за гимназија:**<br>· два предмета од листата со општообразовни предмети по избор на кандидатите<br>**за средно стручно образование**<br>· еден предмет од листата со општообразовни предмети по избор на кандидатите · еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот<br>**за средно уметничко образование:**<br>o два стручни предмети според образовниот профил на кандидатот |

**Предмети што се бодираат при вреднување на успехот од средното образование за кнандидати кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/08 и не полагале државна матура**

| Насока | I предмет | II предмет |
|---|---|---|
| Инженерство на мебел и дрво<br>Дизајн на мебел и ентериер | математика или странски јазик (по избор на кандидатот) | нацртна геометрија<br>информатика<br>физика<br>хемија<br>ликовно воспитување<br>техничка механика<br>(по избор на кандидатот) |

# СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

**НА ДОДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ**

# ИНЖЕНЕРСТВО НА МЕБЕЛ И ДРВО

## I СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 111 | Математика | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 112 | Нацртна геометрија | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 211 | Анатомија на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А1** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 311 | Стилови и декорација | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 411 | Резбарство | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 412 | Пластификација на дрвото | 2 | 2 | 6 |

## II СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 221 | Хемиска преработка на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 121 | Технички својства на дрвото | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 122 | Техничка механика | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група А2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 422 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 321 | Антропометрија со ергономија | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 421 | Ликовно изразување со пластично обликување | 2 | 2 | 6 |

## III СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 231 | Теорија на режење на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 531 | Машини со енергетика | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 131 | Познавање на помошните материјали | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Б1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 432 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 431 | Дрво во градежништвото | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 331 | Инженерска графика | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 332 | Елементи на проектирање мебел и ентериер | 2 | 2 | 6 |

## IV СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 541 | Внатрешен транспорт | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 542 | Пиланска технологија на дрвото | 3 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група Б2) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Б2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 443 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 441 | Технологија на лепење | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 341 | Економика | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 442 | Менаџмент | 2 | 2 | 6 |

**V СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 151 | Елементи на дрвни конструкции | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 551 | Фурнири и фурнирски плочи | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 251 | Хидротермичка обработка на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 451 | Заштита при работа | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 351 | Проектирање на мебел и ентериер | 2 | 2 | 6 |

**VI СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 161 | Конструирање на мебел и ентериер | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 561 | Плочи од иверки и влакна | 3 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 162 | Практична работа 1 | 0 | 4 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 461 | Градежна столарија | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 761 | Испитување на квалитетот на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 462 | Дрвени монтажни објекти | 2 | 2 | 6 |

**VII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 171 | Технологија на мебел и финални производи | 4 | 3 | 6 |
| 2 | 172 | Организација на производството | 3 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група Г1) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Г1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 173 | Практична работа 2 | 0 | 4 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Г1** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 471 | Управување со квалитетот на производството | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 472 | Маркетинг | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 473 | 3Д графика | 2 | 2 | 6 |

**VIII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 281 | Подготовка на производството | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 181 | Проектирање на производни процеси | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 182 | Површинска обработка на дрвото | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Г2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 183 | Дипломска работа | - | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Г2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 481 | Нумеричко управување на машини | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 482 | Технологија на тапациран мебел | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 483 | Управување со проекти | 2 | 2 | 6 |

# ДИЗАЈН НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР

## I СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 111 | Математика | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 112 | Нацртна геометрија | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 311 | Стилови и декорација | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | | Изборен предмет (група А1) | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А1** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 412 | Пластификација на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 411 | Резбарство | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 211 | Анатомија на дрвото | 2 | 2 | 6 |

## II СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 321 | Антропометрија со ергономија | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 121 | Технички својства на дрвото | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 122 | Техничка механика | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група А2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 422 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА А2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 221 | Хемиска преработка на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 421 | Ликовно изразување со пластично обликување | 2 | 2 | 6 |

## III СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 131 | Познавање на помошните материјали | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 332 | Елементи на проектирање мебел и ентериер | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 331 | Инженерска графика | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Б1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 432 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 831 | Перспектива | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 231 | Теорија на режење на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 431 | Дрво во градежништвото | 2 | 2 | 6 |

## IV СЕМЕСТАР

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 641 | Проектирање – основи | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 341 | Економика | 2 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група Б2) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Б2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 443 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Б2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 841 | Композиција, осветлување и бои | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 441 | Технологија на лепење | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 442 | Менаџмент | 2 | 2 | 6 |

**V СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 151 | Елементи на дрвни конструкции | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 171 | Технологија на мебел и финални производи | 4 | 3 | 6 |
| 3 | 351 | Проектирање на мебел и ентериер | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 452 | ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ - УКИМ | 2 | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В1** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 451 | Заштита при работа | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 251 | Хидротермичка обработка на дрвото | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 851 | Машини и транспорт | 2 | 2 | 6 |

**VI СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 161 | Конструирање на мебел и ентериер | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 661 | Фурнири и плочи | 2 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група В2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 162 | Практична работа 1 | 0 | 4 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА В2** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 861 | Истражување на пазарот за мебел | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 862 | Специјални пресувани производи | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 462 | Дрвени монтажни објекти | 2 | 2 | 6 |
| 4 | 461 | Градежна столарија | 2 | 2 | 6 |

**VII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 671 | Проектирање - реализација | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 172 | Организација на производството | 3 | 2 | 6 |
| 3 | | Изборен предмет (група Г1) | 2 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Г1) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 173 | Практична работа 2 | 0 | 4 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Г1** (се избираат 2 предмети) | | | | | |
| 1 | 471 | Управување со квалитетот на производството | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 472 | Маркетинг | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 473 | 3Д графика | 2 | 2 | 6 |
| 4 | 871 | Материјали од дрво | 2 | 2 | 6 |

**VIII СЕМЕСТАР**

| Ред. број | Предмет | | Неделен фонд на часови | | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| | Код | Наслов | П | В | |
| 1 | 182 | Површинска обработка на дрвото | 3 | 2 | 6 |
| 2 | 181 | Проектирање на производни процеси | 3 | 2 | 6 |
| 3 | 681 | Индустриски дизајн - современи движења | 3 | 2 | 6 |
| 4 | | Изборен предмет (група Г2) | 2 | 2 | 6 |
| 5 | 183 | Дипломска работа | - | 2 | 6 |
| **Изборен предмет - ГРУПА Г2** (се избира 1 предмет) | | | | | |
| 1 | 481 | Нумеричко управување на машини | 2 | 2 | 6 |
| 2 | 281 | Подготовка на производството | 2 | 2 | 6 |
| 3 | 482 | Технологија на тапациран мебел | 2 | 2 | 6 |
| 4 | 483 | Управување со проекти | 2 | 2 | 6 |

# КОНТАКТ

Адреса:
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
Ул. 16-та Македонска бригада бр.3
п.фах 8
1130 Скопје

Тел.: 02/6154660
Факс: 02/6154590

E-mail: info@fdtme.ukim.edu.mk
http://www.fdtme.ukim.edu.mk

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**
**Ул. 16-та Македонска бригада бр.3, п.фах 8, 1130 Скопје**
**тел. 02/6154660, факс 02/6154590**
**e-mail: info@fdtme.ukim.edu.mk**
**http://www.fdtme.ukim.edu.mk**